**Република Македонија**
**Државна комисија за спречување на корупцијата**

ул Даме Груев бр.1, 1000, Скопје
тел: 02/ 32 15 377
факс: 02/ 32 15 380
E-mail: dksk@dksk.org.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 03-4883/2
24-07-2018 год.

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 30-07-2018
Орг. Един. 43 | Број: 6848/2 | Прилог: | Вредност:

**ДО**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Генерален секретаријат**
**Одделение за соработка со невладини организации**
**Скопје**

**Предмет:** Известување

**Врска:** Ваш број 43-6848/1 од 10.07.2018 година

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат, доставен е допис број 43-6848/1 од 10.07.2018 година со барање до ДКСК во рамките на делокругот на нејзините надлежности да се произнесе за релевантноста и прифатливоста на иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка, насловена како „Создавање на функционална законска рамка за борба против корупција."

Иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка е една од иницијативите на граѓанските организации презентирана на вториот отворен ден од серијата "Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации" во организација на Владата на РМ во соработка со Националниот демократски институт.

Имајќи ја во предвид заложбата на Владата на РМ за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување на политики, што воедно значи вклученост и на сите релевантни институции, значајно ќе беше ДКСК да партиципира на вториот отворен ден, особено поради тоа што истиот беше посветен на борбата против корупцијата. На тој начин ДКСК преку свој претставник, ќе имаше можност директно да ги слушне образложенијата на сите предлози и иницијативи од граѓанските организации и да размени мислења кои се во насока на унапредување на антикорупциското законодавство и на механизмите за поефикасна и поефективна борба против корупцијата. Ова го истакнуваме и поради фактот што ДКСК е наведена како надлежна институција во самата иницијатива, покрај Владата на РМ, Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација и други засегнати страни.

Државната комисија за спречување на корупцијата позитивно ја оценува иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка, чија цел и очекувани резултати се спроведување на антикорупциски реформи во согласност и во насока на барањата на ЕУ во процесот на претпристапни преговори кои ќе обезбедат стабилна легислатива и антикорупциско тело, кое ќе биде независно и самостојно и успешно ќе соработува со останатите надлежни институции во областа на превенцијата и репресијата на корупцијата.

Впрочем имплементацијата на препораките од меѓународните организации е приоритет и за ДКСК кога станува збор за спроведување на реформите во антикорупциското законодавство и антикорупциските политики воопшто.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Генерален секретар,**
**д-р Розета Трајан**

ДОСТАВЕНО И ДО:
-МЦМС